Бр.0201-
31.05.2016
С к о п ј е

*Точка 4,*
*26-то Годишно Генерално Собрание на акционери,3 1/05/2016*

Врз основа на член 25 став 1 точка 3 и член 43 од Статутот на ОКТА и член 344 став 1 и 5, член 365 став 1 и член 383 став 1 точка 3 од Законот за трговски друштва, како и предлог-Одлуката бр.0202-2298/16-7 од 22.04.2016 година донесена од страна на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје, Годишното Генерално Собрание на акционери на ОКТА АД – Скопје на својот 26-ти состанок одржан на 31.05.2016 година ја донесе следната

О Д Л У К А
За избор на член на Одборот на директори на ОКТА АД-Скопје

Член 1

Одборот на директори, расправајќи по информацијата за дадената оставка од г-дин Вук Радовиќ од позицијата член и извршен член на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје, констатира дека :
На г-дин Вук Радовиќ од 31.05.2016година му престанува функцијата член и извршен член на Одборот на директори на ОКТА АД – Скопје поради дадена оставка.

Член 2

Со оглед на фактот дека бројот на членовите на Одборот на директори на ОКТА АД ќе се намали под бројот определен со Статутот, а со цел да продолжи да работи и да може да носи полноважни одлуки, Одборот на директори одлучи да го пополни својот состав со избор на нов член на одборот на директори, и тоа :
Г-дин Александрос Паргинос, Магистер по нафтено инженерство, со пасош број АИ 3877535 и адреса ул.Калавритон 15 Кессариани, Атина , Грција, како неизвршен член, почнувајќи од 31.05.2016.

Член 3

Според вообичаената пракса, за секој состанок ќе бидат платени патните трошоци и трошоците за сместување за неизвршните и независните членови на Одборот на директори. Ова продолжува да важи согласно претходната одлука.
Дополнително, неизвршните и неизвршните независни членови на Одборот на директори ќе примат надоместок еднаш годишно во нето износ од 5.000 (петилјади) евра, според искажаната желба на главниот акционер. Никаква друга компензација над тој износ нема да биде дадена.

Член 4

Се овластува Адвокатска канцеларија Кимова да поднесе соодветна пријава во трговскиот регистар.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Годишно Генерално Собрание на акционери
Претседавач,